


# СОРАБОТНИК – ДИЛЕР

**Локација:** Скопје

**Сектор:** Дирекција за Тргување и Финансиски пазари

**Работно време:** Полно работно време

**Оддел:** Оддел за тргување

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство - Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**континуирана обука и можност за кариерен развој**

**приватно здравствено осигурување**

**конкурентна плата и надоместоци**

**мотивирачка организациска култура**

**активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Следење и управување со оперативната денарска и девизна ликвидност на банката;

Следење на исполнување на задолжителна резерва;

Одржување на релации со странски и домашни банки;

Овластен за тргувањето со хартиите од вредност на примарнот и секундарниот пазар на пари и капитал како на домашниот така и на странскиот пазар;

Одржува контакти со банките, НБРСМ, останати институционални и финансиски клиенти, Министерството за финансии и инвестиционите и пензиските фондови а во насока на поефикасно тргување на различните финансиски пазари;

Следење и анализа на движењето на курсевите на основните странски валути;

Овластен за тргување со девизи кое Банката го врши со банки, финансиски организации и клиенти;

Овластен за секојдневните котации и активно функционирање и тргување на платформите за тргување.

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Економски факултет

Најмалку 1-3 години банкарско работно искуство од областа на управувањето со средства и ликвидност и тргување на различните финансиски пазари

Познавања од статистика и математика

Активно познавање на работа со персонален компјутер (MS Office)

Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување)

Способност на работа во стресни ситуации, способност за донесување на одлуки, работа со големи износи на трансакции, самостојно и брзо донесување на одлуки, изразена комуникативност и доверливост и способност за активно преговарање и тргување

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **11.08.2024** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК – ДИЛЕР“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #верувајвоиднината #кариераБезБариера**

Те очекуваме!